





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**4-12 јули 2026 Билтен бр. 642**

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ НА РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРКАТА НА ГРАДИНКАТА „ПРОЛЕТ“

**6 јули**
**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, оствари работна средба со директорката на градинката „Пролет“, на која се разговараше за тековното фукционирање на градинката и условите за престој на децата во перидот додека се одвива изградбата на новиот објект.**

**На денешната средба беше констатирано дека згрижувањето на децата од двата објекта се реализира редовно и организирано, при што се превеземаат сите потребни мерки за обезбедување на безбеден и квалитетен престој на најмладите. Воедно, се разговараше и за тековните потреби на градинката, како и за активностите кои се превземаат за да се обезбеди непречено згрижување на децата до завршувањето на новиот објект на градинката.**

**Градежните работи на новиот објект се одвиваат со силен интензитет и согласно предвидената динамика, а со завршување на изградбата ќе се обезбедат значително подобри услови за згрижување на децата во функционален и современ објект кој ќе одговори на потребите на најмладите карпошани.**



# ЦЕЛОСНО РЕНОВИРАНИ ДВЕ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО КАРПОШ

**7 јули**
**Во рамки на проектната активност за санација и реконструкција на урбаната опрема, Општина Карпош направи замена на старите и оштетени реквизити на уште две детски игралишта.**

**На детското игралиште кое се наоѓа на ул. Никола Парапунов обновени се клупите, поставени се нови лулашки и санирана е останатата урбана опрема во склоп на ова катче.**

**На детското игралиште кај Адреналинскиот парк, во близина на кејот на реката Вардар, се изврши фарбање на урбаните елементи, се зацврстија подлогите на лулашките, се реновирааа клацкалките, лизгалките, а се заменија и старите дотраени дрвни конструкции.**

**Општината продолжува со засилено темпо на реконструкција и реновирање на претходно мапирани оштетени детски игралишта, сè со цел да им се обезбеди пријатен и безбеден престој за дружба, забава и игра на карпошани.**



# УСВОЕН ОПШТИНСКИОТ ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА

**8 јули**

**Во рамки на 15-тата седница која се одржа во просториите на локалната самоуправа, Советот на Општина Карпош заседаваше и расправаше по 23 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во тој контекст, советниците го усвоија Општинскиот енергетски план за 2027 година, врз основа на согласноста од 27.05.2026 година, издадена од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во постапка пропишана со закон. Основната цел на овој план е да се воспостави систематски одржлив и ефикасен пристап кон управувањето со енергијата на локално ниво, во согласност со законските обврски, националните политики и реалните потреби на Општината.**

**Планот содржи решенија за подобрување на енергетската ефикасност во јавниот сектор, особено во општинските административни објекти, основните училишта и детски градинки во надлежност на Општината и уличното осветлување. Со примена на овој стратешки документ треба да се намали вкупната годишна потрошувачка на енергија, која е поврзана со буџетските трошоци на Општината, на начин што ќе се поттикне користењето на обновливи извори на енергија (сончева, биомаса, термални пумпи и други локално достапни извори). Ваквиот пристап ќе придонесе кон намалување на емисиите на стакленички гасови, со што се подобрува квалитетот на животната средина, а воедно ќе се создаде и основа за планирање, аплицирање и реализација на проекти финансирани од национални и меѓународни фондови.**

**Со одлука на Советот, Општина Карпош го дава на времено користење без надоместок – надземниот премин „Влајко“, на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје. Предметниот објект претставува покриен и затворен простор кој располага со 16 деловни простории – канцеларии, со вкупна површина од 142 м2 и четири помошни простории, со вкупна површина од 8м2. Во овој случај, корисникот се обврзува да го користи објектот исклучително за вршење на дејностите од нејзина надлежност и согласно намената која е утврдена со оваа Одлука. Советниците ја поддржаа Одлуката за давање на времено користење без надоместок на затворениот пливачки базен кој се наоѓа во непосредна близина на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан (во Карпош 4). Имено, базенот се дава на користење на Националната пливачка Федерација на Северна Македонија за период од пет години, без надоместок. Отука, Националната пливачка Федерација се обврзува, по потреба да инвестира во просторот, редовно да ги подмирува сите трошоци за одржување, како и да ги подмирува режиските трошоци кои произлегуваат од користењето на просторот. Според член 4 од Одлуката, пливачката Федерација е должна да обезбеди и отстапи термини за бесплатно користење на базенот за учениците од прво до петто одделение од општинските основни училишта на територија на општина Карпош.**

**Советот даде „зелено светло“ за Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на општина Карпош – с.Бардовци и с.Злокуќани, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје. Со оваа одлука се утврдува видот, износот на надоместокот, начинот на плаќање и наменското користење на средствата прибрани од плаќањето на надоместокот.**

**Изгласана беше и Одлуката за формирање – конституирање на Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош, со цел поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени – претприемачи во општината. Советот за женско претприемништво на Општина Карпош се формира заради остварување на повеќе цели меѓу кои, разгледување и давање на препораки за прашања од интерес за поддршка на женското претприемништво и родовата рамноправност. Во тој поглед, од особена важност е услогласувањето на стратегии, креирање на планови, давање на мислења, носење на заклучоци, градење на политики за поддршка на жените претприемачи, како и родовата рамноправност и женските права, со цел општествено и економско зајакнување на жените.**

**Советниците постигнаа консензус и за две Одлуки за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт 3 08 и измена и дополнување на ДУП за Градска четврт 3 09. Станува збор за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт 3 08, со опфат на бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември, како и за ДУП-от 3 09, со опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември. Поврзано со гореспоменатата Одлука, советниците го изгласаа Предлогот за суспензија на одредени делови од ДУП-от 3 08, со која се суспендирааат од применување градежните парцели: 1.47, 1.48, 1.53, 2.1 и 1.39. Со истата динамика, Советот ја поддржа и Одлуката за суспензија од применување на сите градежни парцели во Блок 1, поточно ГП 5.3, ГП 18.4, ГП 10.1, ГП 10.2, ГП 10.3, ГП 10.4, ГП 10.5, ГП 10.6, ГП 10.7, ГП 10.8, како и сите градежни парцели со намена А2 (домување во станбени згради), нереализирани до донесување на Заклучокот на Советот бр. 09 4607/8 од 15.05.2025 година, од Деталниот урбанистички план за Градска четврт 3 09. Со суспендираните делови од двата ДУП-а се штити јавниот интерес кој е приоритетен и за јавниот интерес, при што се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.**

**Поддршка од Советот на Општина Карпош добија и Одлуките за давање согласност на Годишните планови за вработување за 2027 година, за сите детски градинки и основни училишта кои функционираат на територија на локалната самоуправа.**





# „СОСЕДСКИ ПАТРОЛИ“ ВО КАРПОШ – ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА ЗА ПОБЕЗБЕДНА ЗАЕДНИЦА

**Во рамки на заедничките активности насочени кон унапредување на јавната безбедност и превенција од девијантни појави кај младите, во Општина Карпош беше спроведена акцијата – „Соседска патрола“.**

**Во акцијата учествуваа градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, заедно со командирот на ПС Карпош, Стефан Тасевски, началникот на ОКР, Давор Дракуловски, инспектори по малолетничка деликвенција, униформирани полициски службеници и родители на малолетни деца.**

**Патролата имаше превентивен и советодавен карактер и се спроведуваше на повеќе локации во општината каде што во вечерните часови најчесто се собираат младите, како што се паркови, спортски игралишта и угостителски објекти.**

**Во рамки на вечерашната партола, беа остварени непосредни разговори со младите, при што им беа упатени препораки за совесно и одговорно однесување во јавниот простор, чување на урбаната опрема и почитување на јавниот мир. Посебен акцент беше ставен на советите за превенција од меѓуврсничко насилство и злоупотреба на алкохол и други ризични однесувања.**

**Акцијата „Соседски патроли“ е активност која е дел од редовните превентивни активностите на Полициската станица Карпош и се спроведува во заедничка соработка со Општина Карпош, со цел јакнење на партнерството помеѓи институциите, родителите и локалната заедница.**



# ОДРЖАН ОТВОРЕН ДЕН ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Општина Карпош организираше „Отворен ден“, на кој граѓаните имаа можност непосредно да се сретнат и разговараат со градоначалникот Сотир Лукровски, како и со раководителите на општинските сектори. Настанот беше организиран со цел да овозможи директна комуникација со жителите од Карпош, да се слушнат нивните предлози, проблеми и барања, како и да се разговара за прашања од секојдневното функционирање во локалната заедница. Во текот на „Отворениот ден“, повеќе од 100 граѓаните поставуваа прашања поврзани со комуналната инфраструктура, урбанизмот, инспекцијата, јавната хигиена, урбаната опрема, зеленилото и други прашања од локално значење.**

**Градоначалникот Лукровски истакна дека непосредната комуникација со граѓаните претставува еден од најважните принципи во работењето на општината. „Отворениот ден е можност секој граѓанин директно да ги сподели своите идеи, предлози и проблеми. Ние сме тука да ги слушнеме, разговараме и заеднички да најдеме соодветно решение. Комуникацијата и соработката со граѓаните за нас претставува врвен приоритет и е клучна во донесувањето на локалните политики и одлуки“ – истакна Лукровски.**

**Денешниот настан го обележа силен одзив од страна на карпошани, а воедно и исклучителна ангажираност и посветеност на општинските служби. Општина Карпош ќе продолжи со организирање вакви средби и во наредниот период, со цел да ја зајакне и унапреди комуникацијата со граѓаните и да обезбеди активно учество на јавноста во процесот на креирање на локални политики и развој на општината.**



# СО ОДЛУКА НА УСТАВЕН СУД СЕ УКИНУВА ДУП-ОТ Ј О2

**Ја информираме јавноста дека Уставниот суд на Република Северна Македонија заседаваше на седница која се одржа на 3 јуни 2026 година, при што донесе Одлука со која СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт Ј 02.**
**Станува збор за деталниот план со опфат помеѓу населбите Жданец и Нерези, (локалитет А, Б и В) Општина Карпош – Скопје, донесен од Советот на Општина Карпош, со Одлука бр. 09-2483/18 од 13.03.2025 година.**
**Тогашната Одлука беше уредно објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр. 3 од 14. 03.2025 година.**

**Следствено на тоа, сегашната Одлука со целосното Образложение од Уставниот суд на РСМ е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија, на 03.07.2026 година со бр. 147 – страна 17**

ОПШТИНА КАРПОШ

# ОПШТИНА КАРПОШ ЈА РЕКОНСТРУИРА УЛИЦАТА „АТИНСКА“ ВО УЗ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

**Општина Карпош започна со реализација на проектот за реконструкција на постојната улична мрежа и тротоарските површини на улицата „Атинска„ во у.з. „Владо Тасевски“.**

**Во рамки на градежните активности ќе биде извршена целосна реконструкција на коловозната конструкција која опфаќа асфалтирање на коловозната лента, замена на рабниците и замена на долниот строј. Во меѓувреме ќе се реконструираат и тротоарските површини кои ќе бидат уредени со комбинација на бекатон елементи и асфалт.**

**„Започнуваме целосна реконструкција на овој дел од улицата „Атинска“ која ќе биде завршена за 30 дена. Ги замолуваме нашите граѓани за трпение и разбирање за време на градежните активности“ – истакна Лукровски.**

**Проектот опфаќа реконструкција на улицата во должина од 435 метри, со што значително ќе се подобрат условите за движење на возилата и пешаците, а ќе се зголеми и безбедноста во сообраќајот.**

**Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 16 милиони денари, а рокот за завршување на реконструкцијата на улицата е 30 работни дена.**

**Општина Карпош продолжува со континуирани вложувања во подобрувањето и модернизацијата на локалната инфраструктура, со цел создавање безбедна, функционална и квалитетна урбана средина.**



# УВИД ВО ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО БАРДОВЦИ

**Градоначалникот Сотир Лукровски изврши увид во тековните градежни активности што се реализираат на неколку локации во у.з. Бардовци.**

**Во непосредна близина на станбениот комплекс „Бахаш“ во тек е реализација на инфраструктурен зафат кој опфаќа асфалтирање на три улици во вкупна должина од 663 метри. Градежните активности на оваа локација опфаќаат и изградба на нови троторари, рабници, како и поставување на нови столбови за улично осветлување. Со ова ќе се овозможи побезбедно движење на пешаците и возилата, а со тоа ќе се зголеми и квалитетот и условите за жителите од овој дел од населбата.**

**Паралелно со овој градежен зафат, се изведуваат инфраструктурни активности и на улицата 1687, каде што се врши целосно асфалтирање на коловозот и изградба на нови тротоарски површини. Во тек на градежните работи, економските оператори ја поставија и својата комуникациска подземна мрежа со што оваа улица добива конечен, современ и функционален лик и намена.**

**При увидот, градоначалникот Лукровски истакна дека Општина Карпош продолжува со реализација на капиталниинфраструктурни проекти во сите урбани заедници, кои директно придонесуваат за создавање на рамномерен развој на општината и подобрување на квалитет на животот на карпошани.**
**11 јули 2026**

